Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Извадокот од Нацрт – записникот (бр.41-17/55 од 28.06.2022 година) од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 45, одржана на 28.06.2022 година (арх.бр.03-2853/1 од 18.07.2022 година), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-3032/9 од 08.08.2022 година, директорот на Агенцијата, донесе

**Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за 2022 година**

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борбата против корупцијата да биде постојана обврска на секој граѓанин и институција.

Во оваа насока, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во 2022 година ќе продолжи со своите континуирани стремежи за навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за нивно отстранување и санкционирање на сторителите. АВМУ долгорочно, на превентивен и репресивен начин, ги оспособува и јакне нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата и настојува да воспостави, развива и применува ефикасни и функционални механизми со кои се намалуваат ризиците од корупција. Како дел од таквите свои заложби, АВМУ го донесе овој План за проценка на ризици од корупција кој има за цел да ја зголеми институционалната отпорност на корупција и да воспостави механизам за контрола и превенција на појавата на корупција.

Планот е донесен да дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците од корупција и истиот е заснован на реални процеси и цели.

Во рамките на овој Годишен план даден е краток преглед на улогата на АВМУ во борбата против корупцијата, профилот на АВМУ како и нејзините надлежности. Понатаму Планот содржи идентификувани ризични области во рамките на делокругот на работењето на АВМУ, Акциски план и негова операционализација.

## ВОВЕД

Агенцијата, како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело, во своето работење се грижи за постигнување на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развој на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Северна Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на

културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници, поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој, заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество, поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи, и развој на економијата во Република Северна Македонија.

АВМУ со донесувањето на годишни планови за спречување корупција (за 2021 г. и 2022 г.) изрази посветеност во градењето отпорност кон корупција.

Преземањето активности за спречување корупција од страна на АВМУ ќе се разгледува од два аспекта:

- Екстерен аспект, односно кои активности ги презема АВМУ, а се однесуваат на надворешното опкружување (надвор од АВМУ), што може да направи АВМУ на национално ниво во однос на дејноста од јавен интерес;
- Интерен аспект, односно кои мерки ќе ги преземе АВМУ за да превенира и спречи корупција одвнатре во рамките на самата институција;

АВМУ го подготви овој Годишен план за проценка на ризици од корупција, кој претставува основа за утврдување и дефинирање на ризичните области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокруг на работење, како и идентификување конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција (оперативни процеси, финансиски процеси и доделување на средства, ИТ и останати системски поддршки), компетентност на вработените, етика и однесување во институцијата, внатрешна организација (управување, улоги и одговорност, делегирање итн.), безбедност на вработените, објектите и опремата, јасност, соодветност и доследно почитување на постојните закони, прописи и правила, методи и канали на комуникација, квалитет и навременост на информациите).

## 1. За Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**Мисија:**

АВМУ се стреми кон заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и поттикнува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и се стреми да обезбеди јавност во работата на радиодифузерите.

Исто така, трајна определба на АВМУ е подигнување на професионалните новинарски стандарди, развој и унапредување на медиумската писменост кај медиумските работници и кај граѓаните, заштита на интересите на граѓаните, а особено на малолетните лица, поттикнување на функционирањето на системите на саморегулација и корегулација, заштита и негување на културниот идентитет, обезбедување разновидност и транспарентност на медиумската сопственост, поттикнување на развојот на медиумскиот пазар и конкуренцијата.

**Визија:**

АВМУ е независно регулаторно тело коешто работи стручно, професионално и согласно високо поставени стандарди и обезбедува доследна примена на медиумската легислатива. Заедно со останатите субјекти во медиумската дејност ја поттикнува слободата на изразување, слободата на медиумите, медиумската писменост, разновидноста и квалитетот на медиумските содржини кои ги задоволуваат јавниот интерес и потребите на публиката, придонесува за непречен развој на аудиовизуелната област следејќи ги глобалните трендови и најновите технологии во однос на аудиовизуелните медиумски услуги.

Агенцијата како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања, согласно член 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), ги има следните надлежности:

- „се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите;
- ја поттикнува слободата на изразување;
- се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите;
- се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица;
- ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон;
- се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги;
- утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација;
- одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување;
- презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон;
- донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија;
- поттикнува медиумска писменост;
- врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон;
- ги води регистрите утврдени со овој закон;
- спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија; и
- врши и други работи утврдени со овој закон".

## 2. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на проценка на факторите кои влијаат на работењето на АВМУ, со годишниот план за проценка на ризици од корупција, се утврдени 5 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Индивидуален и институционален интегритет;
- Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи;
- Јавни набавки; и
- Судир на интереси при спроведување надзор.

Преку Акцискиот план кој следува во продолжение, ќе се даде преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценката на ризикот, за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

## 3.Акциски план за 2022 година

**Област 1: Индивидуален и институционален интегритет**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик*[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно ниво на личниот и професионалниот интегритет на вработените и именуваните лица | Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените и именуваните лица | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | Раководители на организациони единици/директор/ членови на Совет | На шест месеци | Нема | Контролиран |
| | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивни професионален развој и надградба | Едукација на вработените преку наменски обуки, со посебен акцент на нововработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Посветеност на високото раководство во креирање на организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | | Раководители на организациони единици/директор/ членови на Совет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Постапување на вработените во спротивност со Кодексот на однесување | Унапредување на знаењето за Кодексот на однесување | Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства | Сектор за правни работи и јавни набавки | Ноември 2022 | Нема | Контролиран |
| | | Евиденција на подароци во Каталог на подароци | | Континуирано | | |

---

1. а) Контролиран (мерките се доволни и соодветни),
б) Делумно контролиран (ажурирање или дополнување на мерката), или
в) Не е контролиран ( не постојан мерки или истите не се адекватни).

| Област 2: Квалитет на работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импликации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветна примена на интерните процедури на Агенцијата | Доследна примена на процедурите за работните процеси во АВМУ согласно сертификацијата ИСО 9001:2015 | Проверка на почитување на процедурите од страна на интерните проверувачи | Овластени лица за интерна проверка | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Обезбедување на систем за автоматско управување со документи | Редовно одржување на системот за управување со документи | Одделение за информатичка поддршка и технологии | Втора половина на 2022 година | Има | Делумно контролиран |

| Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импликации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветна примена на легислативата и на системот за заштита на укажувачите | Подигнување на свеста на вработените во АВМУ, директорот и членовите на Советот за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти на Агенцијата | Унапредување на знаењето за Законот за заштита на укажувачите и Процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи<br>Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Постапување во согласност со Законот за зашита на укажувачи, подзаконските акти, Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на АВМУ | Изработка на полугодишен извештај за постапувањето по пријавите од укажувачи | | Август 2022/ јануари 2023 година | Нема | Контролиран |
| | Лесна достапност до постапката за поднесување пријави од укажувачи во АВМУ | Обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи на веб страната на АВМУ | | Континуирано | Нема | Контролиран |

**Област 4: Јавни набавки**

| *Ризик* | *Активност* | *Мерка* | *Носител/Надлежна организациона единица* | *Рок за реализација* | *Финансиски импликации* | *Проценка на ризик* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно планирање на потребите и на постапките за јавни набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на релевантната легислатива и интерните ИСО процедури за сите лица кои учествуваат во процесот на јавни набавки | Анализи и објективни проценки на јавните набавки<br><br>Вклучување на повеќе лица во планирањето на јавните набавки | Сите организациони единици во Стручната служба на АВМУ | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Недоволна контрола на АВМУ врз имплементацијата на договорите за јавни набавки | Континуирана едукација на вработените - учесници во процесот на јавни набавки | Извештаи за извршена услуга/испорачана стока од надлежната организациона единица | Одделение за јавни набавки<br><br>Сите организациони единици во Стручната служба | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Судир на интереси | Пријавување потенцијален судир на интерес | Проверка на постапувањето во случај на пријавен судир на интерес/замена на учесникот во процесот за јавна набавка | Сектор за правни работи и јавни набавки, одделение за јавни набавки<br><br>Лицата вклучени во постапките за јавни набавки | Континуирано | Нема | Контролиран |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Погрешна примена на доверените овластувања | Унапредување на знаењето на вработените за потребата од подготовка на соодветна документација | Редовни консултации со лицата задолжени за јавни набавки<br><br>Ротација на вработените – членови на Комисиите за јавни набавки | Сектор за правни работи и јавни набавки, одделение за јавни набавки<br><br>Сите организациони единици во Стручната служба на АВМУ | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Обиди за влијание на постапките за јавни набавки | Пријавување обид за влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки | Пружање соодветна заштита на пријавувачите согласно воспоставените процедури во Агенцијата | Сите организациони единици во Стручната служба на АВМУ/директор/ членови на Совет | Континуирано | Нема | Контролиран |

| Област 5: Судир на интереси при спроведување надзор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Ризик*** | ***Активност*** | ***Мерка*** | ***Носител/Надлежна организациона единица*** | ***Рок за реализација*** | ***Финансиски импкации*** | ***Проценка на ризик*** |
| Несоодветно воспоставен систем за отпорност кон корупција | Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки преку доследно спроведување на ИСО процедурите | Периодична проверка на почитувањето на ИСО процедурите при вршење надзор; обезбедување снимки; изрекување мерки и застапување пред надлежните судови | Сите организациони единици кои вршат надзор/директор/членови на Совет<br><br>Лице за заштита на укажувачи<br><br>Интерни ИСО проверувачи | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Спречување на потенцијалните обиди за влијание или притисок при надзорот и изрекувањето мерки | Одбивање налог за постапување спротивно на закон и подзаконските акти на Агенцијата<br><br>Пружање соодветна заштита на пријавувачите/вработените кои оправдано одбиле налог | Сите организациони единици во Агенцијата кои вршат надзор<br><br>Лице за заштита на укажувачи<br><br>Синдикална организација на АВМУ | Континуирано | Нема | Контролиран |

**Бр.** 03-3083/1
09.08 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Доставено до:**
- Сите организациони единици во Агенцијата;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата.